| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | УПВНМ за туристичко - рекреативен центар во КО Дабница, Општина Прилеп |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Одделение за урбанизам и заштита на животната средина - Општина Прилеп |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Прилеп |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Илија Беличоски, диа<br>овластување бр. 0.0098 |
| Назив на работното место | Архитект-Планер |
| Контакт податоци за лицето | Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови ЈП за ПУП Прилеп<br>ул. ,,Прилепски Бранители" бр.1, тел. 048 401725 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Закон за просторно и урбанистичко планирање(Службен Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 , 163/16,64/18 и 168 /18). |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Се работи за нов плански документ. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да, просторно и урбанистичко планирање, донесување на УПВНМ |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не. |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не, се работи за донесување на УПВНМ за туристичко - рекреативен центар во КО Дабница, Општина Прилеп со големина на опфат од 5,29ха. Намената на просторот во рамките на планскиот опфат содржи: Д1,Д2,Д3 и А4 |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Главна цел на донесувањето на планскиот документ е овозможувањето на услови за градење и користење на просторот согласно предвидената намена -Урбанистички план за вон населено место за туристичко-рекреативен центар со цел за формирање на градежни парцели со основни класи на намена А4-времено сместување,Е1-комунална инфраструктура (сообраќајница и паркинг простор), Д1-парковско зеленило и Д2-заштитно зеленило во КО Дабница, ОпштинаУслови за планирање на просторот за изработка на УПВНМ за туристичко-рекреативен центар, КО Дабница, општина Прилеп, ќе допринесе за трансформација на традиционалниот тип на домување, проширување на основната функција на домаќинството прекуостварување на блиски врски со јавните функции и нудење на квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој базиран на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина и пошироко.. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| / |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |

| |
|---|
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Планскиот опфат за кој се изработува УПВНМ за туристичко - рекреативен центар во КО Дабница, Општина Прилеп се наоѓа непосредно покрај постоен Регионалн пат-Р1312 - (Врска со А3-Крива круша-Велес-Извор-Прилеп-врска со Р1303)Според состојбата на терен локацијата која е предмет на изработка на Урбанистички план за вон населено место за туристичко – рекреативен центар во КО Дабница, Општина Прилеп, на надморска височина од 748,28 до 761,09 м.Површината на планскиот опфат изнесува околу 52894,15 м2, односно 5,29ха.Планскиот опфат кој е предмет на изработка на Урбанистички план за вон населеноместо за туристичко – рекреативен центар, е дефиниран со границите на катастарскитепарцели:<br>Западната граница на планскиот опфат започнува по осовината на регионалниот пат Р1312 Прилеп - Извор - Велес, во северен правец се до КП бр.2413, каде врти во североисточкен правец по нејзината северозападна и северна граница, продолжува низ КПбр.1486, 1489, 1492, 1499, 1501/1, 1501/2, 1500, потоа врти во источен правец по северната граница на КП бр.1500 во должина од 16,1м, врти во југоисточен правец по нејзината североисточна граница, продолжува во источен правец по северната граница на КП бр.1497 сочинувајќи ја северната и североизточната граница на опфатот. Потоа врти во јужен правец по источната граница на КП бр.1497, ја сечи КП бр.1495 и КП бр.1476, продолжува по источната и јужната граница на КП бр.1493, ја сечи КП бр. 1482 и 1483, јужната граница на КП бр.1486, ја сечи КП бр.2413 и 1568, поминува низ КП бр.1580, 1586/1, 1587/1 и 1588 со што ја формира источната граница, потоа продолжува во северозападен правец по југозападната граница на КП бр.1588, поминува низ КП бр.1563/1 и 1563/2 се до почетната точка со што ја формира југозападната граница на планскиот опфат. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Се очекуваат позитивни влијанија врз социо-економскиот развој на Општината и пошироко, како што е подобрување на бизнис климата, отворање на нови работни места, зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст, зголемување на нивото на животен стандард и др., користејќи ги притоа предностите што ги нуди местоположбата на овој стопански комплекс и добрите комуникациски врски. Реализација на планската документација би предизвикала позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација планирана во УПВНМ за туристичко - рекреативен центар. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Со планирање на просторот ќе се зголеми процентот на изградено земјиште во однос на неизградено. Со оваа планска документација се овозможуваат услови за изградба на нови објекти, економски и социјален развој во Општината Прилеп. Времетрењето на влијанието е краткотрајно во фаза на градба на објектите. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Ако се има во предвид дека планираниот опфат има основана намена на просторот Д1,Д2,Д3 и А4 , се очекува перспективно да се развијат дејности кои не се со кумулативно влијание врз животната средина ако соодветно се управува со отпадот којшто ќе се создава, соодветно се управува со емисиите во воздух,доколку се работи за изградба на објекти кои користат енергенси за загревање како и со отпадните води кои ќе се создадат од вршење на дејностите.Планската документација ќе содржи основни решенија за сите горенаведени влијанија усогласени со постојните важечки прописи за планирање за такви објекти. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Планскиот опфат зафаќа предел кој е без значајни особености на предел со природни и пејсажни карактеристики. Имплементацијата на урбанистичко планската документација ќе има позитивно влијание на пределот од аспект на пејзажна и функционална компонираност со постојната сообраќајница и ќе |

<table>
<tr><td></td><td>делува како една осмислена урбанизирана целина во која покрај градежните објекти се предвидени зелени површини со хортикултурно уредување .</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Подобрување на квалитето на живот на луѓето и нивната социјална состојба.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Од Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство ќе се побара мислење дали во рамки на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти или предмети (целосно зачувани илифрагментирани) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11).</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Не се очекуваат.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Се работи за градежно земјиште со намена А4 - времено сместување во која спаѓаат сите видови мотели, хостели, викенд куќи,кампови и слично;<br>- Д3 - спорт и рекреација во која спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено, со застапеност од 10% на компатибилна класа на намена Б1 во однос на основната класа на намена.Во останатиот дел од опфатот се планира површина за општа употреба како:<br>- Е1 - комунална инфраструктура сообраќај (пристапен пат со приклучна и исклучна лента која ќе биде врска на УПВНМ со регионалниот пат Р1312 Прилеп - Извор – Велес, сообраќајница и паркинг простор за лесни моторни возила и велосипеди) и - Д1 - парковско зеленило во кое спаѓаат сите видови површини со садено зеленило и уреден пејзаж како паркови, парк-шуми, тревнати терени за рекреација и слично.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Со планската документација ќе се пристапи кон оформување на градежна парцела соогласно член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање за која ќе бидат дадени соодветни плански параметри за да може понатаму инвеститорот соогласно своите потреби да го оствари правото за градење |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Планскиот опфат се наоѓа на надморска височина во интервал од 748,28 до 761,09 мнв, во североисточниот дел на град Прилеп, на оддалеченост од околу 5800м од централното градско подрачје и истиот се однесува на градби за туристичко – рекреативен центар кој со респектирање на законската и подзаконската регулатива, може да прерасне во високоурбанизирана зона со намена А4 - времено сместување, Б1 - мали комерцијални иделовни намени, Д3 - спорт и рекреација и Д1 – парковско зеленило чија реализација нема да има поголемо влијание врз животната средина. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одрживиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одрживоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација и инфраструктурна опременост на просторот и предвидување на мерки за подобрување на заштитата на животната средина во планскиот опфат. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Можни закани по животната средина од спроведувањето на планскиот документ, односно реализацијата на проектот се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата , зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ е во корелација со Просторниот план на РМ. |

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Нема спроведено претходна оцена.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

НЕ ТРЕБА ДА СЕ СПРОВЕДЕ ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОЕКТОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презимеи потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Прилеп<br>Илија Јованоски |
| Датум 05.12.2018<br>Место Прилеп | М.П. |